# Општина Карпош
# Неделен
# Е-Билтен

Изготвува: Одделение за односи со јавност

## Томи Јаневски на Европското првенство во пинг-понг „Сплит 2011“





Општина Карпош во целост го финансира настапот на Томи Јаневски на Европското првенство во пинг-понг „Сплит 2011“ за лица со посебни потреби. Ова официјално го соопшти Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, на конференцијата за печат која се одржа на 18-ти октомври по повод заминувањето на Томи Јаневски на овој меѓународен спортски настан. Општина Карпош во континуитет ги поддржува лицата со посебни потреби, како и спортистите, а токму тоа е и случајот со Томи Јаневски со кој соработува со години како преку невладиниот сектор така и преку поддршката во неговите спортски настапи.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

17-23 Октомври 2011 Билтен Бр. 4



Во тој контекс, Општина Карпош ќе издвои од својот буџет средства од околу 1200 евра за неговото учество на Европското првенство во Сплит кое ќе се одржи од 19-23 октомври, изјави на конференцијата градоначалникот Стевчо Јакимовски. Со ова како Општина сакаме да дадеме целосна поддршка и поттик на лицата со посебни потреби да го негуваат спортскиот дух што придонесува да го подобрат нивното психофизичко здравје. Инаку, Томи Јаневски од неодамна е и вработен во Општината. „Јас сум еден од тројцата претставници на Република Македонија на Европското првенство во пинг-понг во Хрватска. Ќе се натпреварувам во најтешката категорија со натпреварувачи од 31 земја рангирани во 11 категории. И се заблагодарувам на Општина Карпош која ме поддржа како нејзин граѓанин во текот на подготовките и настапот на ова првенство. Јас сум борец и ветувам дека ќе се обидам што подобро да се пласирам. Евентуалното освојување на медал за мене ќе значи и директен пласман на параолимпијадата во пинг-понг“, изјави Јаневски. Томи Јаневски со другите двајца спортисти на првенството во пинг-понг заминаа на првенството.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

## Студенти од „Американ колеџ“ ја посетија Општина Карпош



Како функционира локалната самоуправа, кои менаџерски способности треба да ги има еден Градоначалник за да биде успешен, по кои стандарди работи администрацијата, кои се надлежностите на Советот и кој е „носечкиот сектор“ во една општина? Тоа беа прашањата на кои во четвртокот(20.10), добија одговор група студенти од втора година од Универзитетот „Американ колеџ“, од Факултетот за правни науки, кои беа во посета на Општина Карпош.

Студентите беа примени од Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, секретарот на Општина Карпош, Владо Поповски, Претседателот на Советот на Општина Карпош, Трифун Трифуновски, како и од раководителот на секторот за урбанизам на Општина Карпош, Маја Лазаревска. Во двочасовната посета, студентите разговараа за сите аспекти на функционирање на локалната самоуправа, како и за комуникација на граѓаните со општинските власти.





17-23 Октомври 2011 Билтен Бр. 4





Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk




## СТРИП ШКОЛА ВО КАРПОШ

**ПЕТОК, 21.10.2011**
**ВО ОУ „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ-КАРПОШ“**
**СЕ ОДРЖА ПРВИОТ ЧАС НА СТРИП ШКОЛАТА**
**ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО „МАКСТРИПОВИ“ И ОПШТИНА КАРПОШ.**

**Школата е наменета за ученици од основните училишта и е бесплатна и ќе се одвива секој петок.**

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко 6.6**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

17-23 Октомври 2011 Билтен Бр. 4

## ДА НЕ ЈА ЗАБОРАВИМЕ СОЛИДАРНОСТА




Општина Карпош е општина на солидарноста, изградена во 1963 непосредно по земјотресот, од средствата на тогашната југословенска и светската заедница. Токму затоа Општината, поточно нејзините граѓани не смеат да заборават да бидат солидарни кон своите сограѓани кои се нашле во зона на социјален ризик и кои немаат доволно средства да го прехранат своето семејство. Ова го изјави Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски на 22-ри октомври пред супермаркетот „Веро“ во Тафталице, кога на „солидарниот штанд“ донираше продукти во рамки на Хуманитарната акција на Општина Карпош „Да бидеме солидарни со своите сограѓани“.

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко 6.6**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

„Вакви акции, рече Јакимовски, Општината организира три пати годишно, а оваа која беше во саботата(22.10) и неделата (23.10) течеше низ 14 супермаркети кои се на територијата на Карпош, по повод јубилејот 35 години од постоење на Општина Карпош. Тој ги повика сите граѓани кои ќе пазарат да донираат нешто за сиромашните соседи. Вообичаено при вакви акции се донираат прехранбени продукти и хигиенски средства за едномесечна употреба на едно четиричлено семејство, рече Јакимовски.

Акцијата се одвиваше од 9 до 13 часот, пред маркетите на „Веро“, „Тинекс“, „Тедико“, „Кам Маркет“, „СП-Маркет“ и други поголеми маркети во Општина Карпош.





**ДА БИДЕМЕ ХУМАНИ ЗА НАШИТЕ СОСЕДИ**



**ДА БИДЕМЕ СОЛИДАРНИ СО СВОИТЕ СОГРАЃАНИ**

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# МАРКО КРИВОКАПИЌ ПОБЕДНИК НА ШАХОВСКИОТ ТУРНИР ВО КАРПОШ

Со врачување на пехари и парични награди за победниците, како и дипломи за сите уесници, во неделата(23.10) во Карпош заврши дводневниот меѓународен шаховски турнир, организиран во чест на роденденот на Општината. Турнирот кој се одржа по повод јубилејот „35-години Општина Карпош“ се играше во два дена, во саботата(22.10) –аматерскиот дел и во неделата (23.10) кога се натпреваруваа шахисти-професионалци по т.н. швајцарски модел. По првиот ден на кои настапија 48 натпреварувачи, првото место го освои Сашо Ефтовски, второт му припадна на Агим Шемшиу, а третото на Зоран Мукаетов.





**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

17-23 Октомври 2011 Билтен Бр. 4





Во неделата(23.10), во натпреварувањето на шахисти-професионалци настапија 43 учесниви, а победник во овој дел на турнирот беше интернационалниот мајстор Марко Кривокапиќ од Црна Гора, второто место му припадна на велемајсторот Зоран Станојоски и третото на Филип Панчевски. По повод победите на овој турнир, во неделата вечер, наградите на првопласираните свечено им ги предаде градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, кои им честиташе на успехот и ги повика на повторна средба на друг турнир во Општината. Тој му врачи пехар и на најмладиот чесник на турнирот Никола Николовски од Скопје.

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**